Се превземаа сите превентивни мерки со цел обезбедување на безбедна и поддржувачка средина за учење која го подобри социо-психолошкиот развој на учениците.Училиштето во континуитет обезбедува безбедно физичко опкружување со заштита од физички и хемиски ризици кои можат да ја загрозат безбедноста на учениците и вработените..Се применуваа политика за обуки и квалификација на наставници за едноставни здравствени интервенции .Училиштето во континуитет работеше по програма за заштита и безбедност како и упатството со постапки за превенција и заштита од природни и други несреќи. Во прилог планот за евакуација на училиштето.




## 18. Грижа за здравјето

**Главно мото оваа 2023/2024 учебна година е „Грижа за здравјето-квалитетен живот“**

Во текот на првото полугодие од 2023/2024 учебна година грижата за здравјето на нашите ученици е главен приоритет .Во согласност на оваа наша цел се реализираа работилници и предавања од различен карактер.
На учениците им се обезбеди здрава училишна средина преку зајакнување на позитивните хигиенски навики и однесувања

**.Хигиена во училиштето**

- Предавање за лична хигиена од страна на одделенските раководители за време на одделенскиот час
- Работилница – градба и функција на орална празнина во 4 одделение
- Едукација за орално здравје во 1 одделение од страна на одделенските раководители за време на одделенскиот час
- Предавање за правилно миење на забите во 4 и 1 одделение од страна на стоматолог од Стоматолошка ординација

- Пвенција од вошливост - проверка во 1, 2, 3 и 4 одделение
- Работилница - вируси и бактерии
- Предавање - како да се заштитиме од настинка и грип
- Предавање - хигиена во училница во сите одделенија од 1 до 9 одделение

**- Систематски прегледи**

- Систематските прегледи се реализирани во училиштниот диспанзер „Карпош“ кај учениците од 1.-9. Одд според календарот за имунизација без да се попречи наставата

- **Превенција од алкохол и дрога -** Предавање, 8 и 9 одделение

- **Предавање за борба против семејно насилство** – 9 одделение

- **Работилница - читање на текстови за зависности**, 8 и 9 одделение

- **Превенција од шеќерна болест** – предавање во 8 одд

- **Одбележан е денот на ментално здравје** – 5-9 одд

- **Одбележана е неделата на борба против Сида** – 8 одд

И оваа учебна година ќе бидат вклучени родителите со нивни лични предавање,одржувања на работилници со соодветен профил на тема „Грижа за сопственото здравје

**19. Училишна клима**

19.1. Дисциплина

Преку почитување на правилата воспоставени во училишето се обезбеди поттикнувачка клима за постигнување на утврдените цели како и за заедничките вредности што училиштето ги промовираше .Моделот на позитивна дисциплина беше е движечки мотив во првото полугодие од оваа учебна година. Наставникот со примена на вештини настојуваше успешно да се одвива целиот процес.Преку спроведување активности од страна на стручната служба во соработка со наставниците се изгради самоконтрлоа и одговорност кај учениците на кој начин наставата им беше интересна и во која ги ангажираа сите сетила. Наставниците ги реализираа испланирани и подготвени активности кои го поттикнаа вниманието на учениците. Ги осознаа нивните психолошки потреби кои се од особена важност за да учениците биде конструктивни.

Со планот за дисциплина одговорни – дежурни наставници по катови, во училишните ходници, тоалет и училишниот двор во текот на работниот ден- за секој ден од неделата редот и мирот во училиштето беше на завидно ниво. Дежурството на наставникот започнува 30 минути пред почетокот на наставата. На влезна врата дежурните наставници (од предметна и одделенска настава) прават прием на учениците.

Дежурниот наставник го евидентираше текот на дежурството и случувањата во тетратка за евиденција на дежурство. Успешното одржување на дисциплината во училиштето се регулира според повеќе правни акти како: Правилник за однесување на учениците, Правилник за однесување на родителите и Правилник за однесување на наставниците во училиштето, Куќниот ред на училиштето .Според Законот за основно образование (Сл.весник бр.161/19,член72) Интерен акт за изрекување на педагошки мерки за учениците.Во училштето се формира Тим за поддршка кој ќе работи со родителот/старателот,ученикот,наставникот и паралелката со цел надминување на проблемот. За надминување на проблемите во дисциплината континуирано се водеа разговори помеѓу : ученик-наставник, ученик-стручен соработник (педагог/психолог), а по потреба и со родител според Правилникот за советување на родителите /старатели, аизготвен брз на основа на Законот за основно образование член 76,77и 78.

19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тимот за естетското и функционалното уредување на училиштето во кои покрај наставниците вклучени се и претставници од ученичкиот парламент кои спроведоа активности според планот за естетско и функционално уредување на просторот. При спроведување на активностите се почитуваше мулти – културализмот во училиштето. Се уредуваше училиштето по повод одредени празници интерни претстави и поводи .Уредувањето главно беше рачни изработки од ученици во соработка со наставници.Целта на училиштето е да се истакне креативноста на учениците под менторство на наставниците,воедно преку таа вклученост самите ученици градат работни навики и смисла за естетика и креативност.

19.3. Етички кодекси

## ***К О Д Е К С Н А О Д Н Е С У В А Њ Е***

## ***ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ***

1. Учениците се должни да ја посетуваат наставата редовно,како и да ги извршуваат сите обвски утврдени со Годишната Програма за работењето на училиштето.
2. Во училиштето се доаѓа 15 минути пред почнувањето на наставата ,без задоцнување,задоцнувањето се смета како неоправдано отсуствување.
3. Отсуствувањето од часови ученикот или родителот се должни да го оправдаат во рок од најмногу 7 дена,во спротивно ќе се сметаат за неоправдани.
4. Стого е забрането носење на оружје и орудија и енергетски пијалици во училиштето, со кои би можело да се повредат другите.
5. Строго е забрането носење и конзумирање на алкохол,цигари и дрога во објектот и дворот на училиштето.
6. Забрането е и казниво фрлање на петарди во објектот и дворот на училиштето.
7. Казниво е секакво физичко и психичко малтертирање и предизвикување на тепачки,како и учествувањето во истите.
8. Учениците се должни да се почитуваат меѓусебно,како и да ги почитуваат наставниците,вработените во училиштето и возрасните.
9. Задолжително е учениците да ги почитуваат учениците разликите по етничка и националност припадност и вероисповед.

10. Забрането е навредување и омаловажување на учениците на основа на материјалниот и социјалниот статус.

11. Најстрого е забрането изнудување на пари или други предмети од учениците.

12. Строго е забрането и казниво уништувањето на училишниот имот,пишувањето по зидовите,чкртање по маси и столови и слично.

13. Забрането е и казниво да се снима со мобилен телефон, да се снимаат ученици или пак тепачки помеѓу нив.

14. Ученикот го претставува училиштето и кога не е во неговите простории и треба да знае дека тоа неговото однесување го зголемува или намалува угледот на училиштето.

15. На училиште се доаѓа чист,исчешлан и во гардероба која е соодветна за возраста и ситуацијата.Строго се забранува на училиште да се доаѓа во мини-сукња,маица на перамки,кроп топ кратки панталони...

16. Забрането е во училиште учениците да се доаѓаат нашминкани,фарбани и со надградба на нокти може да се користи само сјај за усни...

17. Задолжително е книгите од училишната библиотека како и учебниците да се враќаат навреме,во дадениот рок и во состојба каква што биле кога се земале .

## *ПРАВИЛА ВРЗАНИ ЗА НАСТАВАТА*

1. Ученикот има обврска редовно да посетува настава и активно да учествува во наставниот процес

2. Неприфатливо е нарушување на работната атмосфера.

3.Часот не е наменет за консумирање на јадење и пијалоци, за тоа е предвиден одморот.

4. Користење на мобилни телефони за време на настава дозволено е само под надзор на наставник ..Доколку некој од учениците го користи самоволно , наставникот има право да му го одземе,да го однесе кај Директорот или педагошко-психолошката служба, каде ќе остане се додека не дојде родителот да го земе.

5. Казниво е препишувањето на контролните и писмени задачи,како и секакво друго однесување со кое може да им се наштети на останатите ученици.

6. На час треба пристојно да се седи, а не да се лула во столчето, да се лежи на клупата и слично.

7. Учениците кои имаат незадоволителни оценки, треба да посетуваат дополнителна настава.

8. Учениците не смеат неоправдано да отсуствуваат од часови. Отсуствувањето од одреден час го одобрува одделенскиот/предметниот наставник, подолгите отсуства се оправдуваат само со медицинска белешка

## *ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ОДМОРОТ*

1. Во училиштето треба да се влегува во ред и без туркање.

2. Строго се забранува трчање по ходниците и скалилата.

3. Забрането е да се фрла ужината низ ходниците и училишниот двор.

5. Училишниот Тоалет треба да служи за својата намена, а не за собирање на учениците во него како и за фрлање на отпадоци од ужинки, пластични шишиња и сл..

6. Казниво е непристојно допирање со кое се навредува личноста на друг ученик.

7. За време на малиот одмор учениците се подготвуваат за наредниот час

19.4 Односи меѓу сите структури во учиилштето

Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиште и училишен двор) .
Со овој правилник се утврдуваат основните правила на однесување на вработените, учениците, родителите и други лица.
Со почитување на правилата се обезбедува: успешно одвивање на воспитно - образовната работа; подобрување на работната дисциплина; безбедност во училиштето и заштита на училишниот имот.

**1.Однесување на наставниците**

-Однос кон работното место, работата.
-Наставникот е пристојно облечен и уреден.
-Навремено доаѓа на работното место.
-Навремено започнува со наставниот час.

Со своето однесување, начин на комуникација и културен однос во секоја ситуација наставникот е позитивен пример за учениците кои ги образува и воспитува.
Наставникот со учениците, нивните родители, колегите, вработените во училиштето се однесува коректно, користи културна терминологија.
Наставникот е одговорен за работната атмосфера, дисциплината и безбедноста на учениците на часот.
Наставниците за време на часовите не треба да користат мобилен телефон.
Постојано стручно се усовршува и сознанијата стекнати на тој начин ги применува во секојдневната воспитно-образовна работа.
Наставникот има целосен увид за случувањата во училницата каде реализира наставен час-отсутни ученици, хигиена, состојба со инвентар, учебници.
Наставниците се должни редовно и активно да се вклучуваат во работата на Стручните органи на училиштето.
За секое отсуство од работа или предвремено заминување, треба да биде известен директорот.
Секој училишен проблем треба да го решаваат навремено, конструктивно, постапно (наставник - ученик, наставник - ученик - одделенски раководител, наставник - ученик - родител, наставник - ученик - стручна служба).
Одделенскиот раководител е должен да биде во постојана комуникација со родителот, навремено и конкретно да го информира, да бара ангажман и соработка во решавање на проблемите.
Педагошката евиденција и документација да ја води уредно, педантно и без корекции.

**2.Однос кон учениците**

Не е дозволено наставникот да отстранува ученици од часот.
Наставникот има обврска да го прими на час ученикот кој доцни и истото да го евидентира.
Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот.

Рационално изрекува и предлага педагошки мерки за учениците од паралелката.
Секој ученик за време на престојот во училиштето треба да се однесува културно и да биде пристојно облечен.
За време на часовите, учениците се должни мобилните телефони да ги исклучат.
Ученикот е должен да влезе во училницата пред наставникот.
Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план.
Излегувањето односно влегувањето во училиштето и училницата, движењето по ходници се одвива дисциплинирано и во најдобар ред.
Ученикот не може да го напушти часот без дозвола на наставникот кој го води тој час.
За секое отсуство од часовите ученикот е должен навреме да го извести одделенскиот раководител (или предметниот наставник, стручната служба, директорот).
Ученикот е должен да ја почитува личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето.
Ученикот е должен совесно да работи на усвојувањето на знаењата, вештините и вредностите пропишани со училишната програма и согласно тоа да не пречи во изведувањето на наставата
За време на наставата не смее да се нарушува редот и тишината во училишната зграда и во училишниот двор.
Ученикот, односно родителот или старателот, одговара за материјалната штета што ќе ја направи ученикот во училиштето, намерно или од крајно невнимание (неодговорно однесување).
Ученикот треба да се воздржува од употреба на навредливи зборови, поттикнување и учество во тепачки.
Ученикот треба да се грижи за училишниот инвентар во училницата и училишниот двор.
Учениците е должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина.
По завршување на училишните активности и обврски ученикот треба мирно да замине од училиштето и училишниот двор.
За учениците кои ги прекршуваат правилата на воспитно-образовната работа се применуваат мерки што се утврдени со Законот за основно образование .
Учениците се пофалуваат и наградуваат на начин утврден со Законот за основно образование.
Да ги почитуваат и да покажат толеранција кон другарите без разлика на верата и националната припадност.
Учениците не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето.
Ученикот во училиштето не смее да употребува вулгарни или навредливи зборови или да зборува со многу висок тон.
Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето.
Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице.

Треба да се однесуваат културно и коректно кон учениците и вработените во училиштето.

**3.Однесување на родителите**

Родителите треба редовно да се интересираат за учењето и однесувањето на своето дете.
Родителите треба да соработуваат со одделенскиот раководител, предметните наставници ,стручна служва ,директор и редовно да доаѓаат на родителските средби.
Родителите треба училишните проблеми да ги решаваат низ директна и конструктивна комуникација исклучиво со одделенскиот раководител, наставниците, стручната служба, директорот.
Доаѓањето на родителите во училиштето е според потребите поврзани со ученикот.
Во текот на учебната година планирани се минимум 4 општи родителски средби, а по потреба и повеќе.
Индивидуалните средби на наставниците со родителите ќе се одвиваат согласно распоредот за приемни денови на наставниците и по потреба.
Групните средби се реализираат по потреба.
Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето.
Родителите се должни навремено да ги најавуваат и оправдуваат отсуствата на своето дете во рок од 7 дена.
Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата.
Секоја намерно направена штета од страна на ученикот, родителот е должен да ја надокнади.
Средба со родителите во училиштето е со претходна најава.
Не е дозволено родителите да се расправаат со соучениците на своето дете.

## 15. Професионален развој на образовниот кадар

Професионалниот развој претставува сложен процес кој подразбира постојано развивање на наставнички компентенции за да се создаде квалитетен воспитно - образовен процес,а со самото тоа од тој процес да произлезат генерациии на ученици кои во понатамошниот живот и работење ќе бележат високи квалитетни постигнувања. Преку самиот професионален развој на наставниците и стручната служба се овозможи еден континуиран целоживотен процес на иститe за проширување,и продлабочување на знаењата како и продлабочување на стекнатите вештини и способности за професионално извршување на работните задачи поврзани со наставни и вонннаставни активности.Преку професионалниот развој наставникот се оспособи да соработува со неговите колеги ,училишниот менаџмент ,училишната стручна служба како и родителите и локалната заедница каде функционира училиштето во кое работи.Преку континуираниот професионален развој наставниот кадар спремно ги дочекаа сите промени во сферата на образованието и вешто ги применија сите новопродуцирани реформи .

***Активности за професионален развој***

Професионалниот развој се базира на моделот на конструкција на знаењето , долгорочен процессо континуирана подршка и следење на примената на стекнатото знаење . Наставниците преку примена на рефлексија се оспособија да бидат добри практичари и истражувачи кои ги имплементираат знаењата , а воедно имаа влијание наподобрување на успехот и ученичкото постигање како и промоција на наставничката професија во општеството.

**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР учебна 2023/2024**

| Тема/ наслов | Носител | Активности и форми на професионален развој | Очекувани исходи | Вид на професионален развој | Потребни ресурси | Учесници | Улога на учесниците | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стратегија за менаџмент во училница – принципи и примери за добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн – виртуелна училница | CES – Академија и БРО | Следење на обука со физичко присуство | Креирање на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн – виртуелна училница | Индивидуален надвор од училиштето<br>со надворешни професионални лица | Потрошен материјал | Наставници од одделенска<br>настава | Слушатели | 17 - 18.08. 2023 |
| Инклузивно образование во пракса | БРО<br>Проф. Софија Георгиевска | Онлајн обука | Рализација на активности за инклузивно образование во пракса | Индивидуален во училиштето<br>Со надворешни професионални лица | ИКТ | Стручна служба | Слушатели | 24.08. 2023 |
| Конференција – Унапредување на праксата на рефлексија и самооценување во детските градинки и основните училишта-состојба и перспективи | Еразмус+<br>Монтесори центар | Конференција | Подобрување на транзицијата на децата од градинка во училиште | Индивидуален во училиштето<br>Со надворешни професионални лица | ИКТ | Наставници од одделенска настава | Слушатели/<br>реализатори | 25-27.08.<br>2023 |
| Онлај обука- "Претприемништво низ СТЕМ: учам како да станам претприемник!" | Obrazovni centar STEM sa Mrežom nastavnik | Онлајн обука | Рализација на наставни и вонаставни активности со користење на ИКТ средства за учење, | Индивидуален проф. развој | Компјутер, интернет | Матилда Бајкова | Слушател | 7.09.2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | а „STEM zbornica“ | | | | | | | |
| Креирање на модифицирана програма | Одделение за едукација и координација при БРО | Учество на практична обука | Следење практични примери и насоки за креирање на модифицирана програма | Индивидуален | Потрошен материјал | Стручна служба,<br>Дивна Карапанчева | Учесник | 14.09. 2023 |
| Методи и техники кои директно влијаат врз развојот на децата | NTS-Скопје<br>Ранко Рајовиќ | Предавање | Подобрување на методите и техниките кои директно влијаат врз развојот на децата | Индивидуален во училиштето<br>Со надворешни професионални лица | Потрошен материјал | Наставници од одделенска и предметна настава | Слушатели | 30.09. 2023 |
| Работилница : Собранието и граѓанското образование | Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија | Следење на обука во Собранието на Р. С. Македонија | Подготовка на наставниците да одговорат на предизвикот за успешно менторирање на учениците за улогата на Собранието во системот на поделба на власта и концептот на граѓанско општество,со што младата популација ќе се поттикне и подготви за општествена и политичка критичност и вклученост. | Со надворешни професионални лица | Потрошен материјал | Наставници од предметна и одделенска настава | Слушатели/<br>реализатори | 05.10. 2023 |
| Креирање на сајбер – кариерни патеки за жени | Проектниот тим на DAI во Северна Македонија со поддршка на УСАИД | Учество на дебата | Утврдување сајбер-кариерни патеки за жени | Индивидуален | Потрошен материјал | Дивна Карапанчева | Учесник | 05.10. 2023 |
| Вклучување на медиумската писменост во наставата | МОН и БРО во сорботка со USAID | Следење на обука со физичо присуство | Разликување на различни видови разбирање на медиумските пораки и разликување меѓу известување, | Индивидуален во училиштето<br>со надворешни | Потрошен материјал<br>ИКТ | Наставници од одделенска и предметна настава | Слушатели | 24 – 25.10.<br>2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рекламирање и давање упатства;идентификување, толкување информации и пораки во текстуални, сликовни и во дигитални медиумски содржини; креирање куси медиумски пораки за известување | професионални лица | | | | |
| Психологија на меѓуврсничко насилство и девијантно поведение-препознавање, проценка и справување | АС – Анима Психовелнес и советување | Следење на обука со физичко присуство | Препознавање, проценка и справување со меѓуврсничкото насилство во пракса | Индивидуален во училиштето<br>со надворешни професионални лица | Потрошен материјал | Стручна служба | | 26 и 28.10. 2023 |
| Обука за користење на CHAT GPT методи за вештачка интелигенција во планирање на наставните содржини | Lead | Онлајн обука | Оспособување за користење на CHAT GPT методи за вештачка интелигенција во планирање на наставните содржини | Индивидуален | ИКТ | Соња Силјановска<br>Ана Видоевска Динева | Слушатели | 02.11. 2023 |
| Обука за медиумски клубови за основни и средни училишта | Проектот на УСАИД „Младите размислуваат“ што го спроведуваат ИРЕКС и локалните партнери МИМ, ИКС и МОФ во соработка со БРО и МОН | Следење на обука со физичко присуство | Реализација на вонаставни активности со користење на ИКТ средства за учење, знаења од медиумска писменост и култура | Индивидуален надвор од училиште Со надворешни професионални лица | Компјутеринтернет | Матилда Бајкова | Слушател | 10-11.11.<br>2023 |
| Подигање на јавна свест за менталното | Општина Карпош | Форум од заедницата на Општина Карпош | Разгледување начини за подобрување на менталното | Индивидуален | Потрошен материјал | Дивна Карапанчева | Учесник | 14.11. 2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| здравје на децата и адолесцентите | | | здравје кај децата и адолесцентите | | | | | |
| Подобрување на компетенциите на членовите на училишните одбори за подобрување на нивната ефикасност и ефективност во работењето | Тимот на Коучинг-Н | Онлајн обука | Подобрување на компетенциите на членовите на училишните одбори за подобрување на нивната ефикасност и ефективност во работењето | Со надворешни професионални лица | ИКТ | Членовите на училишниот одбор | Слушател | 23.11.2023 |
| Четврта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки | Природно-математичкиот факултет при УКИМ, Сојузот на математичари на Македонија и Друштво на физичарите на Република Македонија | Учество на конференција, следење на форуми на различни теми | Споделување и усвојување нови методи и техники од областите на природните науки | Индивидуален | Конференција, патни трошоци | Дивна Карапанчева | Учесник | 24-26.11. 2023 |
| Вештачка интелигенција во наставниот процес | Креативен Центар Карпош, Општина Карпош | Практично учество на работилница | Разгледување на нови техники за подобрување на наставниот процес со вклучување на вештачка интелигенција | Индивидуален | Потрошен материјал | Дивна Карапанчева | Учесник | 27.11.2023 |
| Association Callidus | ERASMUS+ Инфо сесија | Онлајн обука | | Индивидуален | ИКТ | Соња Силјановска,<br>Ана Видоевска Динева | Слушатели | 30.11.2023 |
| Contact@iarb.edu.mk | "Од пофалба до дисциплина без казна" | Онлајн обука | Како преку пофалба на учениците да постигнеме дисциплина на | Индивидуален со надворешни професионални лица | ИКТ | Наставници од одделенска и предмет | Слушатели | 02.12.2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | часот без примена на казна | | | на настава | | |
| Работилница Escape Room | Креативен Центар Карпош | Онлајн обука | Подобрување на вештините на учениците | Индивидуален | Потрошен материјал | Дивна Карапанчева | Учесник, организатор | 12.12. 2023 |
| Работилница за организирање на натпревари по Биологија и Природни науки | Македонско Биолошко Друштво | Онлајн обука | Утврдување на сите потребни информации за организација на натпреварите по Биологија и Природни науки | Индивидуален | Потрошен материјал | Дивна Карапанчева | Учесник | 13.12. 2023 |
| Македонско Биолошко Друштво | Средба во врска со натпреварите по природни науки за ученици од 4.одд. | Онлајн обука | Реализација на претстоечките натпревари по природни науки за 4 одделение | Индивидуален со надворешни и професионални лица | ИКТ | Наставници од одделенска наст.<br>Дивна Карапанчева | Слушатели | 14.12. 2023 |
| Панел дискусија „Како до училиште без насилство„ | Детска Фондација Песталоци | Следење на обука | Разгледување на нови техники за подобрување и градење на училиште без насилство | Индивидуален | ИКТ | Сузана Илиќ | Слушател | 19.12. 2023 |
| Онлајн обука: Моето дете и науката -СТЕМ вебинари | Obrazovni centar STEM sa Mrežom nastavnika „STEM zbornica“ | Онлајн обука | Рализација на наставни и вонаставни активности со користење на ИКТ средства за учење, | Индивидуален проф. развој | Компјутер, интернет | Матилда Бајкова | Слушател | 21.12. 2023 |
| Научи да пишуваш проекти за образовни институции | Институт за применети истражувања за бизнис | Онлајн обука | Оспособување на наставниот кадар да пишува проекти за образовни институции | Индивидуален со надворешни и професионални лица | Компјутер, интернет | Наставници од одделенска и предметна настава | Слушатели | 17.01. 2024 |

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување ако и континуира подршка за следење и примена на образовните реформи.

***<u>Личен професионален развој</u>***

Секој наставник е задолжен во рамките на сопствените потреби, интереси и за потребите на училиштето да следи стручна литература, да посетува семинари и обуки.

Професионалниот развој на наставникот се евидентира во неговиот педагошки картон и во неговото сопствено професионално досие кое го водат стручните соработници, а во кое имаат увид и директорот и инспекторите од ДПИ.Заради малите материјални средства на училиштето, поради немање листа на лиценцирани обучувачи и нивни доставени програми наставниците не се во можност однапред да планираат обуки кои ги организираат надворешни субјекти., а кои ќе придонесат за подобрување на поквалитетна настава.Најчесто се посетуваат обуки кои ги организираат МОН, БРО, УСАИД, итн .Затоа училиштето врз основа на потребите на наставниците ќе достави барања до сите овие организации за одржување на обуки за кои се заинтересирани наставниците и секоја обука ќе биде евидентирана според Законот за основно образование.

***<u>Хоризонтално учење</u>***

Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручните соработници. Оваа учебна година како и секоја претходна наставниците на ниво на активи разменуваат искуства во соработка со стручната служба и директорот на училиштето. Наставничката професија во општеството има голема улога и потребата од континуирано професионално усовршување се дел од круцијалното значење за реализација на успешен воспитно – образовен процес.

**21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите**

Во текот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година соработката со родителите која ја имаме во континуитет даде позитивни исходи.Континираната соработка придонесе за развој на ученикот.Партнерскиот однос овозможи почитување на личноста на едните и другите,взаемна доверба и почит како и примена на принципот на тактичност и внимателност во меѓусебната комуникација .Водени од препораката на УНЕСКО дека е потребно „да се научи за да се знае,да се научи за да се направи и заедно да се живее“

Соработката со родителите се остварува преку:

**Индивидуални средби со родителите** – изготвен распоред за приемен ден на родител/старател (наставник, ден во неделата и час) ,континуирана комуникација ,барање мислење од родителите за одреден настан,случување и сл. Примена на формални и неформални нчини на соработка.

**Групни родителски средби** - одделенскиот раководител ги најавува со покана за родител/старател (датум, време, место)делува во рамките на соработката со училиштето со родителите заради разгледување прашања од заеднички интерес поврзани со реализација на процесот на воспитно-образовната работа
**Советот на родители** е орган кој го сочинуваат родители на ученици од секоја генерација и се многу важен фактор во животот и работата на училиштето. Тие помагаат во целокупната работа на училиштето како и во реализација на годишната програма. Како училиште ни е предизвик да ги вклучуваме во позитивните промени .

**Училишен одбор** – Училишниот одбор го има водството со свој начин на планирање со цел ефективно фокусирање на напорите и ресурсите на целите. Во нашето училиште Училишниот одбор се залага за имплементација на националната образовна политика .Членовите на Училишниот одбор имаат организациони способности и добри комуникациски вешини.Една од нивните задачи е донесување одлуки базирани на информации и податоци.

**Информативните списанија (брошури)** - родителите ќе се информираат за работењето и постигањата на училиштето.

**Телефонски и писмени известувања**

**Посета на семејството на ученикот (одделенски раководител, психолог, директор) по потреба**

**21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности:**

Вклученоста и ангажираноста на родителите има непосредни и долгорочни ефекти врз учењето,развојот и постигањата на учениците. Учениците се чувствуваат пријатно кога нивните родители земаа активна улога во училиштето.

Инволвирањето на родителите во в-о процес доведе до квалитетното решавање на тековните недоразбирања кое директно влијаеше на обезбедување пријатна атмосфера за работа на учениците. Партнерскиот однос меѓу родителите и училиштето создаде услови за непречен раст и развој на учениците што се постигна со меѓусебна доверба ,комуникација и соработка.

**Училиштето ги вклучи родителите/старателите во реализација на:**

- Приоритети на училиштето
- Реализација на наставни часови (родители експерти во одредени области)
- Екскурзии и излети,
- Училишен хепенинг
- Натпревари, приредби, манифестации, промоции.

**Родителите/старателите учествуваа во избор на:**

- Фирма за производство на ужинка за учениците
- Избор на компании за осигурување, фотографирање обезбедување
- Реализација на програма за намалување на насилство, злоупотреба и дискриминација во училиштето
- Работилници ,, Постапки за поголема грижа и соработка со внатрешните тела на училиштето“ “
- Информирање за учество и постигнати резултати на учениците на натпревари, конкурси и слично.
- Работилници за зајакнување на психолошката добросостојба

**<u>Во активностите на училиштето</u>** родителите се вклучија во реализација на работилници усогласени со содржини поврзани со плананираните наставни програми, ,и професионалната орентација на родителите. Беа реализирани работилници за драмско читање ,извори на енергија ,обновливи и необновливи извори ,штедење на електрична енергија, запознавање со постапки за зачувување на ППТ презентации,гостување во училишниот новинарскиот клуб Соработката резултираше и со вклученост на училиштето во проек поддржан од ЕУ,СОС Детско село. Во

соработка со родителите нашето училиште реализираше посети на работни организации во кои дејствуваат родителите. За прв пат во училиштето се реализираа работилници од родител за родители на иницијатива на родител која побуди интере кај родителите кои споделија лични искуства,техники и препораки за решавање на предизвиците во родителството

Во текот на првото полугодие од оваа учебна година родителите активно се вклучија во

Очекуваните исходи се подобрена меѓусебната комуникација со родителите и споделени позитивни искуства од заедничките активности.

**Во донесувањето на одлуки** родителите беа значајни субјекти во заедничкото донесување одлуки поврзани со учењето,развојот и социјалниот живот на учениците.Земаа учество со давање на идеи, предлози и донесување на одлуки преку Совет на родители, Училишниот одбор.

### 21.3 Едукација на родителите/старателите

Во текот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година едукацијата на родителите/старателите беше реализирана преку советодавни средби , дијалози и вклучување во обуки. Се реализираа активности за стекнување вештини за справување со родителските предизвици.Целта на едукацијата беше зајакнување на врската родител-дете ,зголемување на меѓусебната доверба која е главен двигател за успех и напредок на учениците . Се релизираа предавање од страна на стручната служба на теми поврзани со болестите на зависност. Едукацијата овозможи родителите самоуверено да остваруваат комуникација со своите деца. Според Законот за основно образование во нашето училште се реализираа :

Советувања на родители на ученици кои нередовно посетуваа настава, и

- Разговори со родители за утврдени кризи и семејни проблеми (социјални, семејства со ризик) и активности за помош со семејствата
- Информирање на родители на ученици со ПОП за состојба и напредок на нивните деца, начин како да ги остварат своите права,
- Разговори и психоедукација на родители за утврдени проблеми и состојби (наоди од социометриски и психометриски алатки, разговори и набљудувања)
- Соработка со родителите во превенција на насилство во училиштето и спречување закани врз помалите ученици
- Соработка со родителите за намалување на бројот на неоправдани изостаноци во училиштето.

**Изработка на флаери, брошури за родители:** Училиштето изготви информативни материјали кои се во вид на брошури, информатори, материјали прикачени на училишната веб платформа, во кои се наведени информации за планови на училиштето во текот на првото полугодие од учебната 2023/24 година, податоци за

наставниците и приемните денови, информации за напредокот на учениците, реализирани активности во училиштето и други актуелни прашања.

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Реализираните активности во текот на првото полугодие од ова учебна година се промовираа на нашата фб страна и нашата официјална веб страна. За прв пат нашето училиште создаде училиштен весник во онлајн форма (месец ноември) .Медиум кој ќе го привлече вниманието пред се на учениците ,родителите ,наставниците вработените.На тој начин се афирмираше работата на училиштето и се согледаа сите можности да се вклучат и надворешните субјекти во реализација на понатамошни активности.Самостојно планиравме и реализиравме сопствени проекти за заштита од насилство,злоупотреба и запуштање,намалување на ризикот од развој на ментални нарушувања како и програми за развивање на чувството за негување на безбедна клима за учењесо вклучување на сите заинтересирани и соодветни надворешни соработници преку кои ја зајакнавме комуникацијата и учениците полесно ги презентираа сопствените стекнатите способности и вештини. Во текот на првото полугодие ,учениците членови од Драмската секција „Глумци од утре“ имаа настап во Библиотека „Другарче“ по повод празникот 8-ми Декември. Нашиот ученик Матеј Сиваков на седумгодишна возраст ја имаше главната улога во филмот„М“ во режија на Вардан Тозија чија премиера беше во месец октомври.

**Локална заедница:** Во текот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година училиштето организираше и реализираше посебни програми за одбележување на значајни датуми,(11 Октомври Светскиот ден на менталното здравје )а зема и активно учество во проекти и манифестацијата „Карпош има талент “ по повод Денот на Општина Карпош каде нашите преставнички ученичките Јована Јанкулоска и Нела Манческа со впечатливиот настап и прекрасната изведба освоија втора наград. Нашите ученици под менторство на нашите наставници земаа учество и во литературни конкурси и ликовни манифестации.На јавниот повик за најдобра литературна творба на тема„Општината од моите соништа“ во категорија од 6 до 9 одд ,нашата ученичка Донка Китанова ја освои првата награда. Девет наши талентирани ученици добија стипендии (пет за талентирани спортисти и 4 за таленирани ученици) . Соработка со локалната зеедница беше двонасочна која влијаеше на севкупните услови за работа. .Во континуитет училиштето соработуваше со Полициската Станица – Карпош која одржа предавање од сообраќајната култура и меѓуврсничко насилство.

**Институции од областа на културата:** Во текот на првото полугодие од учебната година беа посетени културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театри, кино сали, ликовни колонии, филмски фестивал.(Џифони) Учениците беа менторирани за учество на литературно-ликовни конкурси, и спортски натпревари

**Институции од областа на образованието:** Училиштето континуирано соработува со образовните институции од локалната средина, градот Скопје и пошироко. Соработката со Државниот просветен инспекторат, МОН и БРО е континуирана. Како позначајни се соработките со високо образовни институции. Со приватните и државните средни училишта од територијата на град Скопје интензивирана е соработката кон крајот на наставната година поради уписот на ученици во средно училиште, со презентации на училиштата. Воедно редовно се одржуваа средби на Активот на директори од Општина Карпош, но и средби на психолозите и педагозите на ниво на град Скопје. Во текот на првото полугодие соработката со ресурсниот центар„ Д-р Златан Сремец"беше ефективна со комуникациска динамика преку средби ,размена на искуства и видувања од вклученоста и ангажираноста на образовните асистенти распределени во нашето училиште. Во чекор со заклучоците од МОН ,нашето училиште изготви план за спроведување на активности за подобрување на процесите ,безбедноста ,организацијата и состојбата во училиштето кои започнаа при крајот на мината учебна година . Според планот се одржа работни средби и разговори со вработените во училиштето со вклученост на стручните соработници и родителите чија цел беше смирување на несигурноста кон себе или кон своите врсници и надминување на состојба на вознемиреност.

**Невладини организации:** Се реализираа работилници и предавања за намалување на меѓуврсничкото насилство во училиштето како и за запознавање на учениците со нивните права и должности. Беше реализирана обука за учениците од четврто одделенеие на тема „Заедно во акција за селектирање реупотреба, рециклирање и компостирање". На литературен конкурс организиран од страна на Здружението „Центар за ресурси во животна средина РЕЦ" нашата ученичка Калина Добреска го освои првото место.

**Спортски друштва:** Нашето училиште ќе се вклучи во спортски активности ,општинска лига организирани од страна на Општина Карпош .

**Здравствени организации:** Во текот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година во Детскиот диспанзер во Карпош редовно се одржуваа стоматолошки и систематски прегледи за сите учениците Истиот одржаи предавања во пониските одделенија за одржување на хигиена на забите, правилна исхрана и физичко здравје. Воедно на учениците беа осигурани на доброволна во избраната осигурителна компанија од страна на Советот на родители.

**Дирекција за заштита и спасување од елементарни непогоди:** Нашето училиште соработува со Дирекцијата за заштита и спасување од елементарни непогоди – која е под директна надлежност на Центарот за управување со кризи. Од Центарот се добиваа постојани насоки и појаснувања како да се однесуваме при одредени опасности во различни кризни моменти. Секој вработен има посетено обука за безбедност и заштита при работа и се има здобиено со сертификат.Во текот на првото

полугодие потребната обука ја следеа и новодојдените наставници. Сите вработени и ученици се запознаа и едуцираа како се постапува во кризни моменти за кои се одржа вежбовна активност во училиштето предводена од одговорен наставник.

**Хуманитарни организации:** Нашето училиште има постојана соработка со Црвениот крст – Карпош како и Црвениот крст на град Скопје при што се организираат работилници, хуманитарни акции во хигиенски средства и прехрамбени продукти и во текот на првото полугодие спроведовме донаторска акција во финансиски средства за Лео (средношколец),а се реализираа и и превентивни предавања.

**Медиуми:** Нашето училиште во континуитет се промовира преку училишната веб и фб страната и страната на опшината, преку флаери за упис на првачиња, како и преку учество во разновитни активности ,манифестации организирани од страна на надворешни институци.

**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Почитување на различните потреби и личните карактеристики на учениците | Во текот на првото полугодие од учебната година | Стручна служба директор | Наставнички совет,училишен одбор,Совет на родители, |
| Учење и вежбање начини за избегнување на притисоци | Во текот на првото полугодие од учебната година | Стручна служба,наставници директор | Ученици,наставници,родители |
| Безбедна клима за учење и развивање Социално емоционални вештини | Во текот на првото полугодие од учебната година | Директор,стручна служба | Наставници |

**24. Евалуација на полугодишниот извештај  за работа на основното училиште**

Со евалуацијата на полугодишниот извештај  го утврдуваме степенот на успешна реализација на програмата и квалитетот на реализираните поставени цели планирани за првото полугодие од учебната 2023/2024 година. Детектираните слабости се основни индикатори за формирање на заклучоци и препораки за  подобрување на целокупната воспитно образовна работа.

Начинот на евалуацијата е  преку процес на набљудување,разговори ,дискусии со ученици и родители,реализација на работилници,прашалници,записници и сл.На тој начин се насочивме  кон донесување на правилни решенија со проверени практики кои ќе најдат   примена во понатамошното делување.

**25. Заклучок**

Целта на нашето делување е да обезбедиме квалитетно пренесување и совладување на едукативниот материјал, но во исто време во текот на образовниот процес  кај учениците да ги вградиме основните воспитни вредности, врз база на кои понатаму ќе се гради личност која ќе биде пример во семејството, потесната средина во која опстојува , општеството.

За постигнување на овој успех неопходно е високо ниво на координација помеѓу сите субјекти инволвирани во овој процес.

Нашата посветеност да го постигнеме саканиот успех со учениците, ќе биде дополнително зголемена  во однос на работата со родителите. И тие мора да разберат дека позитивниот резултат е можен само доколку имаме доверба едни во други и доколку едни со други се почитуваме.

Авторитетот на наставниците , посветеноста на  стручната служба ќе го даде својот резултат доколку родителот соработува.

Секоја евентуална поплака од страна на ученикот , ќе биде побрзо разбрана и поефикасно решена доколку постои квалитетна релација ученик, родител, наставник, стручна служба.

Успехот на ученикот не се мери единствено преку крајната оценка по дадениот предмет. За нас успехот е комплексна категорија и таа е збир од активности кои се во функција на изградба на психофизички здрава личност со изградени социо - емоционални вештини  подготвена со квантум на знаење кои треба да послужат во совладувањето на предизвиците во наредните животни фази на ученикот.

26. Комисија за изработка на полугодишниот извештај  за работа на основното училиште:

Директор: Светлана Шајноска

Педагог: Татјана Дончевска

Библиотекар: Ванчо Љатковски

Наставник: Николина Ристовска

Тимови наставници